РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. 11-32/2
30-04-2024 20
Скопје

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
**Сектор за правосудство**
Ул.„ Димитрие Чуповски“ бр.9
**СКОПЈЕ**

ПРЕДМЕТ : Мислење по текстот на Предлог Законот за заштитено пријавување и заштита на укажувачи

Врска : Ваш бр.21-73/20 од 29.12.2023 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање, под бр. 21-73/20 од 29.12.2023 година со кое барате мислење по текстот на Предлог Законот за заштитено пријавување и заштита на укажувачи, Државната комисија за спречување на корупцијата по разгледување на содржината на споменатиот предлог-закон од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го дава, следното

М И С Л Е Њ Е

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Државната комисија за спречување на корупцијата од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2019) смета дека текстот на предлог Законот за заштитено пријавување и заштита на укажувачи, треба да има за цел обезбедување на соодветна заштита за граѓаните кои ќе истапат да пријават повреди на јавниот интерес, коруптивно однесување и злоупотреби во јавниот и во приватниот сектор.

Во доставениот материјал е наведено дека целта на предлог законот е овозможување, олеснување и охрабрување на заштитеното пријавување во заштитата на интегритетот на субјектите во јавниот и приватниот сектор и унапредување на начинот на кој се постапува по пријавите со кои се врши заштитено пријавување и се спроведуваат мерки за заштита на укажувачите.

Одредбите на текстот на предлог Законот за заштитено пријавување и заштита на укажувачи се анализирани од аспект на усогласеноста на неговите одредби со најновите меѓународни стандарди и добри пракси, вклучително и усогласеноста со стандардите од ЕУ Директивата 2019/1937.

Законот е позитивен развој во националната легислатива, укажувајќи на потреби од промени во однос на заштитеното јавно пријавување во насока на специфицирање на условите во кои заштитеното јавно пријавување може да се спроведува, како и во однос на опсегот, условите и исклучоците под кои потенцијалните укажувачи би добиле заштита.

При вршење на антикорупциска проверка на текстот на предлог законот, согласно Методологија за антикорупциска проверка на легислативата на ДКСК, може да се констатира дека во член 16 став (1) точка 4 каде е наведено дека лицето за прием на пријави од укажувачи треба да поседува **сертификат односно посебно овластување за право на пристап и користење на информации** во субјектот потребни за непречена работа и преземање на дејствијата што ги врши овластеното лице за прием на пријави од укажувачи согласно овој закон, **се констатира недостаток од јасност кој води кон непрецизност и неодреденост на оваа одредба притоа овозможувајќи различно толкување.**

Согласно наведеното потребно е да се користи точна и правилна формулација односно **да се прецизира видот на сертификатот кој треба да се поседува, како и кој го издава истиот** и да се разјасни значењето на употребениот термин „односно„ со тоа што јасно да се наведе дали

кумулативно треба да се исполнат двата услови или едниот го исклучува другиот.

Во член 12 став (4) од Предлог Законот, сметаме дека требеба да се предвиди Министерството за правда да донесе **подзаконски акт** за начинот на исполнување на должностите од овој член, а не насоки. Ова од причина што насоките нема да имаат правно обврзувачки карактер, а воедно за неисполнување на обврските од член 12 предвидена е прекршочна глоба во член 48 став (1) од законот.

За одредбата во член 27 став (6) од предлог законот, сметаме дека е потребно истата да се допрецизира, бидејќи не е јасно каков акт ДКСК треба да донесе во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на законот, за воспоставување, форма и начин на остварување на соработката во рамки на мрежата.

Државната комисија за спречување на корупцијата го оценува позитивно текстот на предлог Законот за заштитено пријавување и заштита на укажувачи со тоа што смета дека се минимизирани ризиците од корупција и судир на интереси кои би можеле да резултират при спроведување на Законот.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател,
Татјана Димитровска

Изработил: А.С
Контролирал: Б.В.Б
Одобрил: М.К
Согласен: И.П